**20200671112**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 107-е став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19 и 31/20), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОСИГУРЕНИКОТ КОЈ БИЛ ВО РАБОТЕН ОДНОС, ОДНОСНО НА РАБОТА ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА БИЛ ПРИЈАВЕН ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ, А ОД СТРАНА НА ОБВРЗНИКОТ ЗА ПРЕСМЕТКА И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС НЕ Е ПЛАТЕН ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од осигуреник кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник, се поднесува на образец БПП/ПИО/1 -Барање за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Барањето од став 1 на овој член се печати на хартија во бела боја со А-4 формат.

Образецот БПП/ПИО/1 од став 1 на овој член содржи податоци за: назив на субјектот до кој се поднесува барањето, штембил со број и датум на барањето, наслов на барањето, податоци за подносителот на барањето, податоци за обврзникот кај којшто осигуреникот бил пријавен во задолжително социјално осигурување, податоци за периодот за неплатениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување, датум на поднесување на барањето, место за потпис на барателот и место за печат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-1628/4
13 март 2020 година
Скопје

Заменик Министер за труд
и социјална политика,
**Ѓонул Бајрактар**, с.р.

Фонд за пензиското и инвалидското
осигурување на Северна Македонија
Филијала/Деловница

Прилог
Образец БПП/ПИО/1

БАРАЊЕ

за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување

| |
|---|
| 1.Податоци за подносителот на барањето |
| 1.1.Име и презиме на осигуреникот |
| 1.2.ЕМБГ на осигуреникот |
| 1.3.Адреса на седиште/живеалиште<br>Улица ................................................................ број ..................................................................<br>Општина место......................................................................<br>Телефон<br>Е-маил |

| |
|---|
| 2.1.Податоци за обврзникот на кај којшто бил пријавен во задолжително социјално осигурување |
| Назив и седиште на обврзникот: |
| |
| |
| |
| ЕМБС или ЕДБ на обврзникот или регистерски број на обврзникот:<br>........................................................................................<br>........................................................................................ |
| 3.Податоци за периодот на неплатениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување<br>Од-------------------------------------------до-----------------------------------------година<br>Од-------------------------------------------до-----------------------------------------година<br>Од-------------------------------------------до-----------------------------------------година |
| Датум на поднесување<br><br>Потпис на барателот М.П. |